СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 1995 година

Скопје, февруари 1995 година

**<u>СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 10-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 8.02.1995 г.</u>**


<u>дневен ред</u> на стр.4

1. АНДОВ СТОЈАН - 7, 10
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 52
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 12
4. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ -20
5. ДАНЕВСНИ СЛОБОДАН - 51
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 45
7. ИБРАИМИ САМИ - 35
8. КАДРИУ ЗЕКИР - 23, 25
9. МИШЕВСКИ ДРАГАН - 27
10. ОСМАНИ РУФИ - 16
11. РАМАДАНИ ХИСЕН - 8, 10, 36
12. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 47, 50
13. РАМАДАНИ САЛИ - 55
14. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 2
15. ТАИРИ МЕВМН - 40, 44
16. ХАСИПИ КЕНАН - 5
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 29
18. ШАКИРИ ХИСНИ - 12


седницата продолжува на 9.02.1955 г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 1995 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Наум Симјановски, Димитар Поповски, Зоран Крстевски, Благој Стефановски, Иван Бојков, Владе Давитковски и Стојче Ковачевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записникот од Осмата седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?(нема)

Констатирам дека Записникот од осмата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе Предлог на одлука за именување•директор на Царинската управа и Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на

I/2 ЛП/ЛБ

Советот на Народната банка на Република Македонија и предлага овие одлуки да бидат разгледани на денешната седница на Собранието.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Молам претседателот на Комисијата да ја образложи итноста.

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, сите вие знаете дека по прашањето на директор на Управата за царини на РМ со изборот на министерот за сообраќај и врски Димитар Бузлевски, тоа место е упразнето. Со оглед дека се работи за функција каде што се прекршуваат во овој момент многу економски интереси на РМ, битно е Собранието на Република Македонија по ова прашање да се изјасни и да именува човек, согласно Законот за царини, што има надлежност Собранието, за директор на управата за царини на РМ.

Комисијата тоа го направи на вчерашната седница и ви достави предлог. Јас би ве молел да ги уважите овие барања и тоа да се направи на оваа денешна седница на Парламентарното собрание.

Исто така, по другата точка од дневниот ред, се работи за две упразнети места во Советот на Народната банка на РМ. Јас мислам дека вие имате добиено и во материјалите,има обраќање на Гувернерот на Народната банка на РМ, исто така, да се пополнат тие две упразнети места, со оглед на нормалното функционирање на Народната банка и прашањата кои се во надлежност на Советот на Народната банка на РМ.

Исто така молам и ова барање да биде уважено и на оваа седница да се изврши именување и на овие две лица.

I/3

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Седумдесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник се воздржа од гласање).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Група од 11 пратеници поднесоа Предлог на одлука за избор на членови на одборот за одбележување на 50-годишнината од победата над фашизмот и предлагаат да биде разгледана на денешната седница на Собранието.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Седумдесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Како што ви е познато, Врховниот суд на РМ поднесе иницијатива за зголемување на бројот на судиите на Врховниот суд на РМ, што ви е доставена.

Со оглед на тоа што иницијативата е во врска со предлогот за избор на претседател и судии на Врховниот суд на РМ, предлагам овој предлог е точка 11 од Предлогот на дневниот ред - оваа точка да биде одложена за една од наредните седници.

Кој е за, молам да крене рака.

Седумдесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за личната карта.

2. Предлог на закон за внатрешни работи.

3. Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање.

4. Предлог за донесување на закон за личното име, со предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за матична евиденција, со предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за пригодни ковани пари со предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата, со предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за насоченото образование, со предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за јавните собири.

11. Предлог за разрешување на судија на Стопанскиот суд на Република Македонија.

12. Предлози за разрешување на судии на Окружниот суд во Скопје.

13. Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд Скопје II во Скопје.

14. Предлог на одлука за избор на членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од победата над фашизмот.

15. Предлог на одлука за именување директор на Царинската управа.

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, дозволете ми пред да преминеме на усвојување на дневниот ред на Десеттата седница на Собранието на РМ, да го изнесам следниот предлог.

Од предложениот дневен ред на 10-тата седница на Собранието на РМ да се иземат следните точки од дневниот ред: Предлогот на законот за личната карта, Предлогот за донесување на закон за лично име со Предлог на закон, Предлог за донесување на закон за матична евиденција, со Предлог на закон и Предлог за донесување на законот за дополнување на Законот за насочено образование со предлог на закон.

Согласно Деловникот за работа на Собранието на РМ, дозволете ми да дадам кратко образложение на овој мој предлог.

Имено, во досегашниот тек на работата на Собранието на РМ, како и текот на расправите на седниците на собраниските комисии, сведоци сме на огромни расправии, полемики па ако сакате и политизирање при разгледување на Предлогот на законите што во поголема или помала мера упатуваат на употребата на јазикот и писмото на националностите на тлото на РМ. При тоа, дами и господа, постојано е на тапет фамозниот член од Уставот на РМ, заборавајќи дека при тоа дека Уставот на РМ содржи уште 133 члена, како и Уставен закон кој во

членовите 6, 7 и 8 во точно прецизирани рокови од 6 месеци до 1 година бара усогласување на законите со уставните одредби. Занесувајќи се во тие расправи, од 120 пратеници се претворивме, со чесни исключоци, во 120 толкувачи на Уставот, заборавајќи при тоа дека постои Уставен суд на РМ како единствен овластен толкувач на Уставот.

Трагајќи по генезата на овие несогласувања, неминовно се наметнува заклучок дека се прават погрешни чекори во редоследот на донесувањето на законите, за што искрено речено во најголема мера кумува Владата на РМ. Се наметнува впечатокот како свесно да се избегнува на дневен ред да се постават предлог на законите за употребата на јазикот и писмото на националностите, за локална самоуправа или поточно управа, Законот за грбот на РМ итн. Уверен сум дека поставувањето на дневен ред на наведените предлог закони во голема мерка ќе ја смири исполитизираната атмосфера и ќе овозможи во толерантна атмосфера и без емоции да се расправа и за нај- жешките теми на сите области на општествениот живот. Во спротивно, до колку се продолжи со вакви парцијални решенија, се плашам дека ќе се створи таков правен хаос во сферата на употребата на јазикот и писмото на националностите, што неминовно ќе доведе до уште поголеми политизации и поларизации, уште поголем национален раздор, што ќе ги девалвира сите обиди за реален соживот на овие простори. Впрочем, првите никулци на така наречените хибридни решенија веќе ги имаме. Од употребата на македонскиот јазик и кириличното писмо во органите на управата, преку давањето можност во обрасците за лична карта и во матичната евиденција личното име да биде и на јазикот и писмото на националностите, па до целосната употреба на јазикот и писмото на националностите при педагошката евиденција. Зарем ваквата состојба,

дами и господа не укажува на недоследност и не отвора нови можности за расправии на тема уставно – против - уставно .

Затоа, дами и господа пратеници, да ги оставите емоциите и стравот - што би било кога би било, и да го поддржиме предлогот за изземање од дневниот ред на наведените точки од дневниот ред со барање на една од наредните седници на Собранието на РМ на дневен ред да се постават претходно споменатите закони.

До колку, почитувани колеги, предлогот не биде прифатен, како морален чин ќе биде моето неприфаќање на предложениот дневен ред и апстинирање од гласањето во расправата за предложените предлог закони. Во сите случаи, ќе присуствувам на седницата за да партиципирам во решенијата по останатите точки од дневниот ред, кои во овој момент не се спорни.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви објаснам. При предлогот за изменување и дополнување на дневниот ред не се расправа. Никој друг по овој предлог не може да добие збор. Може да изнесе свој друг предлог за измена и дополнување на дневниот ред. По секој предлог на дневниот ред се гласа. Само тоа сакам да ви објаснам бидејќи некои бараат збор. По секој таков предлог само се гласа.

Кој е за предлогот на пратеникот Хасипи да се изостават од дневниот ред следните точки: точка 1 - Предлог на закон за личната карта, точката 4- Предлог за донесување на закон за личното име со предлог на закон, точката 5 - Предлог за донесување на закон за матична евиденција со предлог на закон и точката 9 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за насочено образование, со предлог на закон, молам да крене рака.

Десет пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Дали има друг предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакам едно процедурално принципиелно прашање да отворам и поставам и да видиме дали имаме основ за работа по овој дневен ред денес кој ни е предложен.

Се работи за следното, трите закони на пример, Предлогот на закон за лична карта, предлогот на Закон за внатрешни работи и Предлогот на законот за Агенцијата за разузнавање, не биле во предварителна процедура во прва фаза во минатото Собрание. Сега ние процедурално ја наследуваме работата на минатиот Парламент и на еден начин вршиме едно премостување процедурално, при донесување на законите ко не е во Уставот предвидено, ниту во постојниот Деловник Лично мислам дека такво премостување во процедурална смисла, пренесување на работите од еден мандат во друг не е дозволено, бидејќи за донесување на мериторни акти ова Собрание, овој мандат има суверено право од почетокот на процедурата да биде во тек. Ништо не менува со тоа што еден број пратеници се исти, еден дел од Владата е ист итн.

Јас молам, бидејќи очекував претседателот на Собранието на состанокот со телата ова прашање да го расправи, во двете комисии беше покренато ова прашање и очекував дека претседателот исто така тоа денес ќе го отвори, бидејќи само ова Собрание има право сега да одлучи дека процедурата извршена во минатиот мандат ја прифаќа како

завршена работа на која ја продолжува работата. А вака Владата нема право нам директно процедурално работите од минатиот мандат во Собранието да ни ги пренесе како свршени работи.

Затоа, предлагам прво да се симнат од дневен ред законите кои сега треба во завршна фаза да ги прифатиме и во некоја можеби поскратена постапка заради потребите да се минат сите фази, за да ова Собрание и овој состав го искористи своето суверено право да ги донесе мериторно законите за кои спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме прашање од процедурален карактер кое се разрешува, бидејќи во Деловникот нема изричен став по тоа прашање, се разрешува на седницата на Собранието со гласање.

Кој е за предлогот на господинот Хисен Рамадани, молам да крене рака.

Петнаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

II/1. -СП/МЛ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Тогаш молам Собранието со гласање да се определи, јас знам, не сум наивен, знам дека пак ќе победи, но сепак заради процедурата и историјата процедурална на ова Собрание, дека Собранието процедуралните работи по законите кои биле во процедура во минатиот мандат, нивниот дел на процедурата е извршен, ја прифаќа како завршена работа и својата работа ќе ја продолжи во онаа фаза во која се сега законите. Инаку, без тоа немаме право да дискутираме по предлог - законите кои ги спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласајќи по претходниот предлог на пратеникот Рамадани, Собранието се определи по ова процедурално прашање. Значи, се определи овие закони да ги гледа во фаза во која ги предлага Владата и да го уважи разгледувањето што било во претходниот состав.

Дали има друг предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (82 пратеника).

Дали е некој против? (14 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **првата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за личната карта.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Шаќири.

II/2.-

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господа пратеници, Предлог-законот за личната карта беше неколку пати на собраниската процедура, но од познатите причини не беше донесен.

Како прва причина за недонесување на овој закон беше несогласувањето околу членот 5. Ние пратениците албанци од претходниот состав на Парламентот баравме личната карта како документ што ќе му служи на граѓанинот само заради идентификација пред надлежниот орган, да биде потполнета двојазично. Меѓутоа, од нашите политички противници беа поднесени барања уште поекстремни од верзијата на законот и на крај законот не се донесе, но и сега Предлогот на законот од страна на предлагачот мислам дека е исто решение само со една друга модификација. Бидејќи текстот на законот не се изменил, поготово членот 5 што го регулира ова прашање, многу е јасно и децидно и според овој член 5 образецот на личната карта е исклучиво на македонски јазик, а со тоа што Владата предложила имињата на припадниците на националностите да се запишуваат и на својот јазик, јас овој чин би го нарекол едно чисто демагошко однесување или хипокризија, бидејќи проблемите во врска со овој закон на овој начин не се решаваат.

Имајќи предвид дека целата игра и афера во врска со упо- треба на јазиците уперено против нас албанците, а тргнувајќи од фактот дека Република Македонија е мултикултурна и мултинационална заедница во обидот или желбата за државните органи Македонија да се дефинира како еднонационална држава е голема грешка и е против интересите на нејзините граѓани. Тоа веќе се прави, господа, со усвојување на вакви закони каде се врши јазична, културна, образов- на, национална и верска дискриминација.

II/3.-

Господа, со вакви законски решенија се послужиле и се послужуваат држави со тоталитарен режим. Членот 7 од Уставот што е најадекватно решение за регулирање на оваа проблематика до сега во ниеден закон не се инкорпорирал поготово кога се однесува на правото на употребата на јазиците. Владата и Парламентот во врска со толкувањето на овој член решението го гледаат исклучиво во првиот став од овој член, што претставува еднострано интерпретирање на Уставот.

Имајќи предвид ова што се случува во Република Македонија кај мене постои дилема дека наскоро еден ден и на странците ќе им се забрани влез во Македонија ако не го познаваат македонскиот јазик и кирилското писмо. По се изгледа дека некои сили настојуваат во Македонија да воведат таков систем со кој ќе се врши тотална славизација, бидејќи во последно време во ниеден орган не се примаат документи со друго писмо или на друг јазик.

Врз ова можам да кажам дека ако и понатаму се продолжи со овој тренд на политиката од страна на државните органи, ние албанците ќе бидеме принудени да го промениме политичкото организирање.

Што се однесува до законот за личната карта, јас нема да го прифатам, бидејќи оваа законска верзија не е решение што се базира на уставните определби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, господа пратеници. Имам неблагодарна задача да го изнесам ставот на група пратеници од НДП за неучествувањето во расправата во врска со законите кои се на дневен

ред на денешната седница. Мора да признаеме и лично да признаам дека не се чувствувам пријатно кога треба да убедувам за нешто што е само по себе убедливо, уште помалку кога и тој што е убеден никако да признае дека е така. Уставот е изгледа многу јасен освен за Владата и за Уставниот суд. Тие сметаат дека повеќејазичноста е можна само во органите на единиците на локалната самоуправа, а не и во органите на државната локална власт. Значи, фактички ние по ваквото толкување ќе имаме апсурдна состојба односно апсурдна ситуација и уникат во светот по ова прашање. Ќе имаме средини кога фактички ќе важат за некој орган двојазичноста или повеќејазичноста, а за другите органи еднојазичноста.

Членот 7 ставот 2 и 3 очигледно е дека санкционираат домен на колективни права, а тоа практично претпоставува по било каква логика обврска да се почитува од сите органи кои вршат дејност на територијата на таа локална единица.

Ваквото толкување сметам дека во праксата ќе предизвика огромни тешкотии, комуникацијата помеѓу органите особено помеѓу органите на локалната самоуправа и локалната власт нема да биде на ниво затоа што од едноставна причина што органите на локалната самоуправа нема да ги примаат списите од органите на локалната власт затоа што се еднојазични и обратно органите на локалната власт нема да ги примаат списите од органите на локалната самоуправа затоа што се двојазични. Сметам дека во праксата тоа ќе предизвика огромни проблеми.

Мислам дека тука се работи за сосема друго прашање. Изгледа тука е намерата да се дојде до што полесно профитабилен политички поен.

Второ, тука е намерата да се одржи некој степен на меѓуетничка напнатост се со цел да се профитира од тоа и да се одржи што подобро

и што полесно да се зачува власта во оваа економска и социјална состојба.

За разлика од претставниците на Владата, јас нема да се осеќам така среќен(>кога би инсистирал да профитирам политички однесувајќи се рестриктивно кон македонската култура и јазик или било каква друга култура или јазик на овие простори. Со вакви неуставни проекти Владата наштетува на интересите првенствено на припадниците на мнозинскиот народ па и на сите граѓани, па дури ги навредува во некоја смисла. Зошто велам така? Им наштетува затоа што вака како ние инсистираме или настојуваме да ги прекршиме основните права на човекот било да се работи за индивидуално или колективно нема да се придобие позитивна слика пред меѓународните институции.

Второ, реков ги навредува затоа што Владата со предлозите што ги дава априори настојува мнозинството од населението во Македонија да го прикаже како нетолерантно према другите култури, а себеси да се прогласи за балансер кој едвај балансира во ваквите состојби. И да е така, а претпоставуваме дека може да е така што јас длабоко не верувам, ние фактички имаме две колективни расположенија и во однос на првата точка од дневниот ред. Тие две колективни расположенија треба да се балансираат во таа смисла што едноставно да се остваруваат и интересите на првите и интересите на другите. Нема политика без баланс, без компромис, меѓутоа, не може само една страна да се повлече и тоа од најосновните права на човекот. Мислам дека не постојат народи кои се нетолерантни спрема другите јазици, спрема другата култура, меѓутоа, постои власт која тоа го изрежира. Кај нас режирањето во тој домен се остварува во три фази.

Првата фаза ислушувањето на барањата на националностите.

Втората фаза сатанизирање на тие барања со помош на некои режимски новинари, фала богу се во помал број, меѓутоа, кога се пишува деструктивно е поприфатливо отколку да се напише конструктивно.

Третата фаза е донесување на одреден став, на одредена одлука или предлози на закони, па тука спаѓа и Предлогот на закон за личната карта кој е резултат на двете претходни; фази.

Не знам зошто Македонија на овој план треба да направи исклучок. Во сите бивши ЈУ републики еве ќе појдам од Словенија таму живеат некаде 35 илјади италијани. Личните карти се двојазични Зошто е таму така, а тука не е? Или во Хрватска има минимален број на припадници на унгарското малцинство исто така имаат право на двојазичност, па и кај личните карти. Тоа е и во Босна тоа е и во Србија. Сега тоа се воведува и во Албанија за грчкото малцинство. Се прашувам зошто Македонија треба во тој домен да направи исклучок иако реалната меѓунационална структура е доста поинаква за разлика на тие држави од бивша Југославија што ги спомнав.

Да кажам уште тоа дека со вакво настојување од Законот за државната управа ете сега се сервираат и другите закони мора, за жал, да кажам дека положбата на националностите е деградирана во полна мера во однос од пред 2 0 години. Значи, 2 0 години сме имале една комунистичка структура на која фрламе дрва и камења, а фактички ние само прогласени демократи ги поддржуваме законите кои се толку рестриктивни и немаат ни основна врска со реалната демократија.

Јас сметам дека иднината на Македонија е во целост да се измени концептот на работата на највисоките државни институции и вака ако се

настојува, јас сметам дека не ни претстои важна перспектива, некоја сигурна перспектива во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, нема да ми замерат колешките од при- чина што единствен принцип на работа на овој Парламент е изгледа само мајоризацијата, а сходно на тоа колешките овде се во големо малцинство. Вака како една паралела инаку, ќе бидам краток во дискусијата од причини што немам некои предрасуди дека оваа дискусија ќе даде некаков си допринос меѓусебно да почнуваме да се разбираме и да комуницираме со јазикот на разбирањето, односно на реалноста. Независно од тоа должен сум пред се пред себе и пред мојот лекторат да изнесам некои работи кои мислам дека треба да се изнесат на овој Парламент ако не за структурата на овој Парламент, туку за пошироката јавност во Македонија.

Проектите кои се предложени и во оваа прилика никако да ги надминат рецидивите од минатиот систем. Пак во континуитет се продолжува со политика на дискриминација на национална основа, а во овој склоп со дискриминација на јазиците на националностите кои живеат во Македонија.

Во оваа прилика само ќе цитирам со цел свеста односно изгледа заборавањето на она што е кажано при конституирање на Владата од страна на премиерот во своето експозе да го потсетам претставникот на Владата, т.е. министерот Фрчковски за некои работи кои неговиот надлежен, т.е. премиер ги кажа при конституирање на оваа Влада.

II/8.-

Цитирам: "Македонија е држава во која живеат македонци, албанци, турци, власи, роми и други, тоа е нашата реалност и од неа треба да се тргне во проценките, определбите, полити- ката итн. За Македонија нема спокојство додека не се прифати фактот дека е таа заедничка, единствена, неделива татковина која подеднакво им припаѓа на сите нејзини граѓани, на сите нејзини државјани без разлика на нивната национална, верска, политичка припадност", завршен цитат.

III/1,- ПЈ-ВБ

**РУФИ ОСМАНИ:**

Сега се поставува дилемата, дали се почитува реалноста и дали Македонија подеднакво им припаѓа на сите нации кои живеат во Македонија. Анализирајќи ги предложените пакет закони кои се пред нас, а предложени од претставникот на Владата, т.е. Министерството за внатрешни работи, јас би направил една споредба, со една народна изрека, која пред се е поврзана со оџите и поповите, а која гласи: "прави како што јас проповедам, но не следиме ме мене во животот". Изгледа, кога треба да се добие некој политички поен или за внатрешниот офинион, т.е. јавното мнение, а особено за надворешното јавно мнение секогаш громогласно прогласуваме некои си политики на разбирање на заеднички соживот, на рамноправна основа, а кога сето тоа ќе треба преку проекти, преку закони да го операционализираме, одеднаш го заборааваме. Изгледа со памтењето нешто не ни е во ред. Во таа прилика реков дека сето тоа не е ништо друго, туку чист вербализам без реално покритие во конкретни проекти. Сега би додал дека тоа е веќе работа на некомпетентност и малодушност, односно на неодговорност на извршната власт.

Законите кои се пред нас, предвидувањата мои во оваа смисла во потполност ги остваруваат. Значи, излегува на површина вредносниот систем, кој е инсталиран и кој тврдоглавно се применува, а кој систем рамноправноста на народите и граѓаните секојпат ја сведува и ја реализира преку двојните стандарди во зависност од тоа дали е во прашање мнозинскиот народ, или е во прашање односно или се во прашање другите кои живеат во Македонија.

За припадниците на првиот, значи овластениот народ се е предвидено во полна доза. Додека за другите, тука се терапиите од типот имињата и на јазикот на националностите, навистина во духот на најсветлите традиции на социјалдемократизмот и либерализмот.

III/2.-

Кога сме кај член 7 став 2 и 3 од Уставот на Република Македонија кој патем речено господа претставници од Владата, па и дел од овој парламент самите го вградивте во Уставот на Република Македонија мимо волјата на албанските парламентарци. Тоа е еден факт и не мислете дека некој тоа го има заборавено. Е, сега кога треба сето тоа пак да го операционализираме во нашата работа, тој сега ни претставува во јазикот на економистите тесно грло. Затоа, сега имаме проблем. Сега ќе го толкуваме како што конјуктурата во надворешната или внатрешната политика ќе се наметне или ќе се остварува Македонија на Балканот или пошироко.

Но, се поставува прашањето ако сега ние го толкуваме член 7, став 2 и 3 така како што се толкува преку овие проекти кои се нудат, се поставува прашањето, дали тие формулации треба да постојат во Уставот, кога тие формулации не ја остваруваат целта за која беа наменети. Сигурно дека не треба и би било многу пожелно и порационално тие формулации да ги бришите од Уставот, господа, па така не би имало проблеми од ваша страна, ни од наша страна, но од друга страна тоа нема да се прави. Зошто? Па нели ни е потребен надворешно политички маркетинг. Затоа, мора тие формулации да бидат во Уставот и да ги интерпретираме како што ги интерпретирате преку конкретни проекти.

Во оваа прилика, а ќе завршам и со оваа констатација, ќе изнесам една мисла на Монтеские, која е, цитирам:"Како што солидниот архитект, пред да почне со изградба на некоја зграда, врши испитување на земјиштето со цел да се осведочи дали тоа ќе може да ја издржи предвидената тежина, така и искусниот законодавец не донесува закони да бидат сами за себе. Туку, претходно испитува како тие закони ќе може да ги прими народот кому се наменети". Мислам дека, бидејќи на сите нас овде случајно или намерно политиката ни е актуелно професија,

треба многу сериозно да се замислиме пред оваа далековидна мисла на господинот што го спомнав, за да после не се чудиме ако почнува да ни се случува народот во Македонија со главната ролја на господин Фрчковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани дами и господа пратеници

Прво, сакам да му се заблагодарам на господинот претседател, што не ми даде за право да се вклучам и јас да дадам мој предлог во утврдувањето на дневниот ред дека и јас имав некој предлог. Меѓутоа, после мене на друг пратеник му даде збор, а мене не.

Бев против утврдувањето на дневниот ред поради предлогот на законот за лична карта и предлог-закон за матична евиденција. А зошто сум против овие два предлог-закони да бидат на дневниот ред на денешната седница? Бидејќи овие предлог закони претставуваат една цинична варијанта на непочитување на уставните одредби во поглед на еднаквоста на граѓанинот пред законот. Ова е уште еден показ, па и доказ дека Владата уште во првите 100 дена на својот мандат почнала да работи спротивно на своите ветувања дадени на својот коалиционен партнер ПДП, па и на нас другите политички репрезенти, на албанските гласачи на овој Парламент.

Да ве потсетам уште еднаш што беше решено тогаш на промоцијата на актуелниот премиер, односно што беше ветено од неговата страна. Во својата промоција актуелниот премиер, ако се сеќавате, а сигурно се сеќавате дека не беше многу одамна, меѓу другото

рече дека во овој мандат Владата ќе настојува да ги демократизира меѓунационални односи. Во оваа реченица беа синтетизирани "тие неколкуте точки на владиниот партнер ПДП". Потоа, во разговорот со комесарот за национални групи од ОЕБС, бивш ЌЕБС Вандер Штул, претседателот на Републиката, исто така, рече ќе го интензивираме меѓунационалниот дијалог за конкретни прашања. Но, господа пратеници, што покажуваат сега овие предлог-закони што се на дневен ред. Покажуваат дека Владата со инает го продолжува својот започнат пат, што беше критикуван и од меѓународните институции по однос на промовирањето и заштитата на правата и слободите на националните групи и нивните припадници.

Покажуваат, исто така, дека Владината политика по однос на овие прашања не се менува, а само се еуфемизира, што значи дека во суштина останува иста како во минатиот мандат. Но, се прикажува со други неодредени реченици, како што е, ќе ја цитирам уште еднаш реченицата на премиерот "ќе ги демократизира меѓунационалните односи". А како решила оваа Влада да ги демократизира покажуваат и овие предлог закони што се на дневен ред.

Господа пратеници, и господа опоненти на мојата опција, мојот став се сведува на тоа дека во оваа држава, во нејзината натамошна уставно - правно конституирање мора да се земат предвид постулатите за правично и заедничко живеење, односно постулатите на една модерна, меѓунационална демократија. А да не се продолжува со постулатите што ја промовираат политичката хегемонија на најбројната национална група, односно на националниот унитаризам. И разбирливо е дека никакви еуфенизми не се во можност да ја прикријат оваа политичка тенденција што е присутно актуелна во практиката на македонските партии што се на власт.

III/5.-

Нашата реалност е хетерогена и во регулирањето на односите меѓу овие конститутивни делови на оваа политичка заедница мора да се борат со нехомогени форми односно плурални. Единствено така можат да се воспостават хароминични, односно неконфликтни меѓунационални доноси и нивната перспектива. Честите залагања, па и јавните настапи овде што се на страна на конституирање на национална држава од типот на минатиот век се противни на европските интегративни тенденции. А, исто така треба да се сфатат како тревога, како една држава се спрема да биде нејзина членка конституирана од други принципи, од својата политичка реалност.

Често пати слушаме во одбрана на тезата за национална дражва со стариот терк, многумина го преточуваат и го спомнуваат Бадинтер. А што им донесе Бадинтер на Хрватска и Босна, на сите веќе ни е јасно. Затоа, поумно ќе биде перспективите на државата да ги потпираме врз демократскиот консензус на сите граѓани и на демократското уредување на односите меѓу нив.

Овој пат предлагам до Владата, Владата да се врати на своите ветувања, да ги почитува и да ги спроведува тие ветувања што ги дава. Па, исто така, апелирам и до македонските политички партии претставени во овој Парламент да го почитуваат дијалогот и толеранцијата во прилог на хармоничното и правичното меѓунационално заедничко живеење. А, тоа не може да се постигне со донесување на закони, кои наместо да ја промовираат рамноправноста во односите меѓу етничките групи ја промовираат дискриминацијата, асимилацијата, па и на доминацијата на една група, врз друга група. МИ се чини и обидот врз таканаречените ургентни процедури да се донесе дел од најважните закони а во кои треба да се имплементираат одредени правни солуции за уредување на најважните меѓунационални односи и нивната институционализација. Во вакви пригоди видлива е употребата на разни други да не кажам "парламентарни трикови", како што е најважниот закон

се става со други закони со цел неговото донесување да помине невидливо односно без поголема расправа во овој Парламент. Чинам дека сите овие трикови, начини на донесување на закони, кои нормираат една реалност на животните заедници, на популациите од различно потекло од сега, па натаму треба да се напуштат и да седнеме на договорна маса и начелно да прифатиме една реална солуција за донесување на закони од битна важност за сите граѓани во Македонија, а посебно за националните заедници што ја сочинуваат оваа политичка заедница.

Вака како што се постапува многу проѕирно е настојувањето на македонските политички партнери со инает да ја истераат до крај започната моницистичка или подобро речено унитарна јазична политика односно јазичната доминација врз другите национални заедници и покрај уставните решенија за рамноправност на јазиците на локално ниво, која и уставно така е двомислено и рестриктивно уредено.

Поконкретно, овој закон и други слични закони не можат да се прифатат без да се имплементираат, или прифаќаат и специфичните права и слободи на националните заедници, во конкретниот случај, без имплементирање на правото на службена употреба на мајчиниот јазик во комуницирањето и остварувањето на правата и должностите на граѓаните пред органите на државата и власта. Тоа е неприкосновено право на граѓаните во една мултиетничка држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа, пратеници, господин претседателе, јас однапред знам дека и мојата дискусија нема да придонесе ништо, бидејќи однапред се гледаат некои интенции дека во целост се иде на тоа да ни се негираат некои национални права. Меѓутоа, гледам за потребно да

III/7.-

дискутирам и да кажам нешто, бидејќи верувам дека и во овој Парламент ќе има некои луѓе што ќе бидат разумни и во овој контекст нешто ќе придонесат. Меѓутоа како што се гледа тука нема атмосфера за дискусија, ние некои пратеници тука дискутираме, а тоа не би било добро само една група пратеници и јас би сакал да биде дискутант и некој друг и да се гледа мислењето и на другите. Дали тоа е во право и дали таа дискусија што ние инсистираме е правна, би требало тука во овој парламент да се утврди и после да почнеме натаму.

Едно мое убедување е дека во овој Парламент многумина од нас, многумина од парламентарците ние сме се претворале во сервис на предложените закони на Владата. Колку е тоа реално може да се утврди од овие, еве десетта седница се одржува денес и ние сме сведоци дека тоа не би требало така да иде однапред кога знаеме дека треба државата да функционира законодавни органи, парламентот да функционира, Владата посебно и органите на судовите посебно. Меѓутоа, тука уште во тој степен на демократијата уште не сме постигнале и јас мислам дека треба да правиме некои чекори и да ги измениме некои мислења. Јас сум бил учесник и во некои комисии, каде се зборувало за овие три, четири точки на дневен ред, на пример Законот за лична карта, Предлог- закон за внатрешни работи, Предлог-закон за агенција за разузнавање, Предлогот закон за донесување на закон на лично име со предлог закон и Предлог закон за донесување на закон за матична евиденција, со Предлог на закон. Исто и јас како пратеник гласав дека ќе бидам против на овој дневен ред и мислам дека толкувањето на член 7 на Уставот на РМ тука секој како што сака го толкува и се е во таа намера да го негира правото и на употребата на јазикот и на писмото на националностите.

Јас, пред да излезам на говорница гледав и некои амандмани што беа предложени од страна на некои пратеници, а јас ќе земам за право да дискутирам само за еден од тие амандмани, без разлика дека уште не е дојден на дневен ред да се зборува по тоа.

III/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, за амандмани ќе расправаме посебно.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Знам дека посебно ќе се зборува, меѓутоа како пример да го земам каде лично и децидно и во тоа што е пишано во законот се негира и се бара, на пример, во член 5 став 2 после зборот "писмо", се става само точка и ништо повеќе не сакам да должам во тоа. Што под ова се подразбира, дека треба да им се стави точка на сите други што живеат тука, на сите други националности и тука ми се чини ние конкретно и децидно имаме став и се залагаме за формираше, за конституирање на држава нова, како што е Македонија со контури на унитаризам и национална држава.- Сите други рационалности тука, по мое мислење, и во ред други закони,испаднавме. Меѓутоа, јас колку што знам дека судбината на моја дискусија и на претходните дискутанти се знае како ќе заврши, ние немаме право ниту можеме да гласаме за овие закони, кои се против нашиот интерес, конкретно против нашето употребување на нашиот јазик и на нашето писмо. Затоа и немаме право и на нашите гласачи тука во некој друг конкретен случај да се осврнеме и во конкретниов случај да ги прифатиме тие работи.

Јас мислам дека мислењето на поединци политиканти, или поедини тука што се во Владата мислат вака, а не верувам дека мисли вака и чесниот македонски народ. Мислам дека тука да бидеме реални никој не сака, јас имам комшии, јас имам сограѓани и ред други не мислат вака како што мисли, на пример, Владата и инсистира директно да биде рестриктивен со некои закони, што после да им дава крај на тие други следни барања што ќе дојдат понатаму. Го гледам како потребно уште и некои други зборови дека во никој случај тука не најде никој за потребно да каже дека поранешниот устав што го спомна некој од дискутантите

беше за овие работи подециден и поконкретен без разлика дека во практиката и од тој аспект ништо не беше реализиран.

Уште еднаш барам работи, мислам ќе ни излезат други проблеми понатаму, за што пак ќе бидеме принудени да излеземе и да разговараме, а мислам дека ќе биде касно и ќе можеме после да излеземе на крај. Заради сето ова, ако пратениците не дискутираат за оваа работа јас не чувствувам за потребно да останам во овој Парламент и ќе бидам при- нуден да го напуштам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, чувствувам потреба како член на Комисијата за меѓунационални односи кога се дискутира за Законот за лична карта, да кажам тука пред пратениците неколку работи за кои што сметам дека треба да се кажат и кои ги кажав на Комисијата. Согласно член 1 став 1, од Предлогот на законот за лична карта, личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот на граѓанинот. Значи, тоа е документ врз основа на кој овластено лице за легитимирање го идентификуваат лицето што се легитимира. Личната карта не е исправа врз основа на која се идентификува лице кога ја преминува нашата граница, исто така тоа не е документ - исправа со која се идентификуваат нашите граѓани во другите држави. Имајќи го предвид наведеното,се поставува прашањето дали при легитимирањето на лицата од националностите во земјата не може да се идентификуваат од овластените лица за легитимирање ако името и презимето на друга, немакедонска националност, не е напишана на јазикот и писмото на неговата националност, на пример арапски, хебрејски, кинески, јапонски, француски, ангалиски, германски и сл. Мене почитувани пратеници не ми е познато дека во државите во западниот свет кон кој што се стремиме и ние како држава да влеземе, во Америка, да постои држава која името и презимето во документот за идентификација на лицето, освен на службениот јазик се пишува и на јазикот и писмото на националностите чиј припадници се. На таа основа никаде на запад и во ниедна држава не се сретнува,граѓаните од другите националности не се чувствуваат издискриминирани, ако во документите врз основа на кои тие се

идентификуваат во тие држави, нивните податоци не се напишани на јазикот и на писмото на нацијата на која што б припаѓаат.

Почитувани пратеници, во мојот македонски пасош, само како за пример морам да ви кажам издаден од Република Македонија, не само името и презимето туку и сите податоци се напишани не кири- лично туку со латинско писмо. Ние сите тоа добро го знаеме, зошто е тоа од практична причина, за да можат по лесно да не идентификуваат овластените лица од другите држави. А значи ли тоа дека во тие држави кога патувам сум дискриминиран?! Меѓутоа кога зборувам за идентификацијата на лицата со помош на личната карта, мораме да имаме предвид и нешто друго. На пример кога се идентификува лице пред овластени лица во банка, во пошта, во суд и сл., да би се утврдило дали е тоа лице на кого се однесува банковниот чек, штедната книшка, судската покана, судското решение, поканата за гласање и слично, дали и на тие документи податоците на лицата од националностите, поради идентичност не ќе се бара да се пишуваат, освен со кирилично писмо и на јазикот и писмото на националноста на која лицето и припаѓа како што е тоа личната карта. Тоа секако ќе се бара, бидејќи станува збор за идентификација врз основа на два документа на кои податоците треба да се напишани на ист начин. Верувам дека во иднина, ако се прифати предложената солуција со предлогот на закон што се предлага од припадниците на албанската националност ќе се постави и тоа прашање.

Почитувани пратеници, не значи ли тоа дека со ова на споредна врата треба да се воведат писмата на националностите во службена употреба во Република Македонија спротивно на уставните одредби член 7 став 1 од Уставот на државата.

Имајќи го предвид ова и досега наведеното, морам да изјавам дека не постои никаква оправдана причина личната карата како јавна исправа, врз основа на која се врши идентификација на лицата од овластени лица во нашата држава, податоците на припадностите на националностите, освен со кирилично писмо да се пишува на според јазикот и писмото на националноста на која лицето и припаѓа, освен со тоа се немаат и некакви други намери. Тие други намери почитувани пратеници сметам дека не се поштени намери, бидејќи имаат за цел на еден камуфлиран начин албанскиот јазик на споредна врата да влезе во служба како официјален во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, пред насе се наоѓа Предлогот на законот за личната карта. Очекував дека овој закон како според формата така и според содржината, ќе биде израз на духот и на словото на Уставот на Република Македонија. Впрочем тој тргнува од член 91 став 2 од Уставот на РМ, член 287 став 2 и член 323 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, со кои се обезбедува основ за негово донесување. Може да се рече дека со текстот на законот што Владата ни го нуди се прави сериозен обид за да се понуди едно нецелосно решение со овој документ од личен карактер. Намерно или ненамерно, авторите на законот го испуштиле од предвид членот 7 и членот 48 од Уставот, со кој меѓу другото на припадниците на националностите им се гарантира заштита на етничкиот, културниот подвлекувам јазичниот и верскиот идентитет.

IV/4

Изгледа како што често се случува во од еден во друг систем и сега во врска со овој проблем како да не дозволуваат да се оди напред, тој закон и другите бидат разгледувани. Напротив и како да се сака да се задржи дел од старите решенија или се вешти маневрирања во решавањето на проблемите се одлага за подоцна. Тоа дојде до израз по многу поводи па и по повод прифаќањето на предлогот што Парламентарната група на ПДП имињата на припадниците на националностите да се пишуваат во изворна форма односно со користење на латиничното писмо што го користат тие. Од страна на собраниските комисии не се прифати и можноста тоа да биде и образецот и формата. Ова се аргументира со фактот дека согласно член 7 од Уставот на РМ, службен јазик во Македонија е македонскиот јазик и кириличното писмо и дека во член 11 од Законот за органите на управата било регулирано дека во работата на органите на управата во службена употреба е македонскиот јазик и кириличното писмо. Меѓутоа, во став 2 и 3 во член 7 од Уставот на РМ цитирам: "Во единиците на локалната самоуправа во кои мнозинството живеат припадници на националности, вогслужбена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон. Во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадници на националности во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се и јазикот и писмото на националностите под услов и начин утврден со закон."

Ова на почетокот господин Хасипи во своето процедурално прашање и го постави зошто се касни со донесувањето на законот за рамноправна употреба на јазиците на националностите во локалните самоуправи.

Меѓутоа, во врска со ова сметам дека не се во прашање прописите, колку што е непостоењето на добра волја да се задоволи едно право, правото на рамноправна употреба на јазиците и писмата на припадниците на националностите во Македонија. Националниот егоизам никако да се искорени од овие простори и кога на сите нас устите ни се полни со демократија, а очите свртени кон Европа каде што сакаме да се придружиме на цивилизираните народи што не познаваат и признаваат целосни права за едни а ограничени права за други.

За ограничувањето на ова право на албанците и на припадниците на дсругите националности во Македонија не би требало да се цитира член 11 од Законот за органите на управата, бидејќи тој е донесен пред стапувањето во сила на новиот Устав на Република Македонија. Што се однесува пак до член 7 на овој устав, мора да се каже дека и покрај тоа не смее да се гледа изолиран од другите членови имено, и во член 4 8 каде дословно се истакнува и ова: "Припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите".

Тргнувајќи од изложеното се поставува прашањето, припадниците на националностите како слободно ќе го изразуваат,негуваат и развиваат својот идентитет и како Републиката ќе ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на припадниците на националностите, ако меѓу другото, не се дозволи запишувањето на личното име во личната карта и образецот да се пополни на нивниот јазик и писмо. Секако тоа не може да се оствари со ограничување на овој вид, а личното име сметаме дека претставува и дел од идентитетот на човекот,затоа за неговото запишување во западните земји се посветува

големо внимание, бидејќи луѓето според надворешноста можат да си личат еден на друг, но токму името и јазикот и писмото е тоа што нив ги разликува. Затоа на неговото запишување и заштитување мора да се посветува нужно внимание колку за остварување на рамноправноста на јазиците и писмата на припадниците на националностите, уште повеќе и за изразување и заштита на нивниот етнички, културен јазичен и верски идентитет.

Пишувањето на личните имиња на документот на јазикот и писмото на поединецот, од друга страна претставува цивилизациски однос и кон него, особено кога цитираме автори во стручната литература и во Македонија, така се однесуваме, прво им го пишуваме личното име на авторот изворно и во форма не неговиот јазик, а потоа текстот се интерпретира на јазикот и писмото што припадниците го употребуваат. Тоа претпоставува коректен однос кон другите националности, кон другите граѓани немакедонци. Искуството од другите земји исто така зборува за еден коректен однос кон државјаните од другите земји, со цел да се изрази вистинскиот идентитет на личноста и јазикот и писмото со кој се служи. Претставниците на службените органи просто странките ги молат личното име и останатите податоци во пополнувањето на образецот да ги напишат со својата рака на свое писмо, а потоа органот тоа го препишува во службените книги. Ова се прави тогаш кога службеникот не го познава јазикот и писмото на граѓанинот, потоа службеникот тоа го препишува во службените книги. Значи и каде што не се знае јазик на еден припадник, при постоење на добра волја ќе се изнаоѓа и адекватно решение.

Конкретно и токму поради тоа за доследното остварување на словото и духот на Уставот на Република Македонија се залагам за тоа, личните имиња на припадниците на националностите и образецот да се пишуваат на нивниот јазик и писмо во оригинална форма, според јазикот

и писмото што тие го употребуваат, кое што исто така треба да се интерпретира на јазикот и писмото во матичните книги и во сите документи од јавен карактер што се засновуваат врз изводот од книгата на родените.

Ова ќе биде уште еден придонес кон јакнењето на довербата има националностите за натамошна афирмација на Република Македонија како демократска и заедничка држава на сите нејзини граѓани.

Тргнувајќи од изложеното, драги пратеници ве повикувам за доследно почитување на член 7 став 2 и 3 и член 48 од Уставот на Република Македонија и да се спротивставиме сите заедно на секаквите закони што ги дискриминираат македонците, вклучувајќи го и овој закон Законот за личната карта. И да бидеме начисто во сите наши дискусии и излагања,иако некој мисли може да земе за право да ги узурпира основните права и интереси на други и со ниедна аргументација не може да ги правда преземањето на правата што му припаѓаат со таков вид узурпации врз интересите на другите, не само што не може да се создава клима за конструктивен дијалог и за договор, туку се продлабочуваат со поделбите за дестабилизација ан Македонија. Можеби во крајна линија тоа е и целта на оние што ги кршат основните норми на дозволено однесување во овој многунационален парламент, таквите односи се првенствено штетни за својот народ а потоа и врз поширокота заедница.

И на крај да донесуваш и да спроведуваш закони само за еден јазик, само аз една култура како македонец прво тоа е архектик односно образецот на македонската демократија што Европа малку ја одобрува и охрабрува на сметка на албанскиот народ и на другите националности кои живеат во Република Македонија, на кои исто така, нашите челници и натаму и делат совети дека албанците треба да бидат спокојни и достоинствени се додека нивниот двор не се осмелува да и прости што

прави такви зулуми. Се наметнува прашањето што е со македонските демократски принципи. Тие се на голем испит, не токму за признавањето на рамноправниот статус на јазиците на припадниците на народностите во Македонија, туку и на другите, колку за себе, за својот концепт што сака да го гради кој што треба да остане и понатаму како модел во светската заедница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа,

Пред некој ден се вратив од Стразбург каде учествував како член на македонската делегација во Европа. Према дискусиите и материјалите што ги видов таму приоритетна и една од најважните задачи на Советот ќе бидат националните малцинства и нивната рамноправност во сите нивоа и области на современиот демократски секојдневен живот. Оваа година се очекува и Македонија да стане полноправен член на Советот на Европа, но ме загрижува една работа ова што го слушнав досега од пратениците Албанци укажува дека Албанците не се задоволни со прекратувањето на некои елементарни права, како што е употребата на јазикот во говорна и пишувана форма. Се согласувам целосно со револтот на пратениците Албанци и им се придружувам, бидејќи секоја рестрикција во себе носи незадоволство, на пример сведоци сме кога имаме рестрикција и немаме 2-3 часа водас или струја, верувајте дома се однесуваме некако ненормално, па ние, па и нашите деца, значи за 2-3 часа рестрикција веќе не се чувствуваме нормални, а верувајте или компарирајте себеси кои имам рестрикција не со часови, не со денови, не со години, туку со децении пак таа компарација направете ја бидејќи овие барања, некои елементарни барања на Албанците се нарекуваат и неуставни, јас тој Устав би го нарекол недемократски и неевропски, значи треба нешто да се менува таму. Советот на Европа во мај ќе испрати набљудувачи да ја надгледуваат ситуација во Македонија и верувајте за нормалната состојба во Македонија тие ќе контактираат и со Албанците, со нивните

претставници на партии и асоцијации и кога ќе ги слушнат овие незадоволства, верувајте дека ќе им биде тешко да состават еден позитивен извештај за Македонија, а мојата ангажираност, ангажираноста на г-динот Поповски и на г-дин Котлар ќе биде во Македонија што побрзо да стане полноправен член на Европа. Јас господа не ќе можам да играм дволична улога, додека моите Албанци се жалат за некои елементарни работи јас не ќе можам таму со полна уста да се борам за прием на Македонија што побрзо. Вие знаете дека ние сме насочиле и нашата целокупна работа, демократска работа што побрзо да влеземе и во Советот на Европа и на ОСБЕ, но вака ако се караме, вака ако не најдеме заеднички јазик тука пред се ќе треба ние самите да се обвиниме и да не обвинуваме трет, бидејќи трето лице за обвинување нема. Грција што не обвинува тоа ќе помине, бидејќи тоа е смешно, неприфатливо и Советот на Европа бидете уверени дека ќе ги исфрли сите нивни несогласувања а ова што се случува во Македонија меѓу нас, меѓунационалните односи, тоа ќе биде голем минус, затоа дајте сите заеднички некако да се смири оваа ситуација, елементарни барања да не се вреднуваат вонуставни или националистички, бидејќи сакам уште еднаш да ве потсетам дека во Стразбург триаголникот Поповски и Ибраими и Котлар да бидат на исто ниво и да ја претставуваат Македонија, а не да претставуваат само делови на граѓаните на Македонија.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван претседателе, јас ќе кажам кратко само неколку тези, иако гледам дека нема којзнае  каква атмосфера и за

дискусија за да се следат дискусиите. Мислам дека не ни е добра таа, условно речено комотност, заради тоа што проблемите се наши заеднички, тие ќе ни се вратат како што ќе течат работите, така и ќе се занимаваме со нив и би било добро посуштински да го следиме еден друг во мислата, во определбата, во политичката волја, за да евентуално и ние со самото тоа заеднички еволуираме кон она што би било поблиско и заедничко. Всушност сакам да речам дека со оваа точка ние денес дефакто ги почнуваме парламентарните дебати за таканаречено условно деликатни теми, а јас сепак мислам како што се рече овде дека се овде суштински и битни и за денешнината наша и за нашиот од кон подобра иднина.

Ова прашање кое денеска е врзано за Законот за личната карта на прво место е јазичко прашање. Јас еден од колегите овде кој што истапи против самото име и презиме да се напише на писмото и јазикот на националностите, имам разбирање и тој има право кога констатира дека се работи за јазичко право и за рамноправноста на јазиците, всушност, според определбите и стандардите кои што со Уставот сме ги определиле. Тој во тоа има право, но не гледам, зашто тоа го смета за нечесно, луѓето да се залагаат за правото кој што во еден уставен систем сами сме го утврдиле. Но е и повеќе. Е и прашање на културата. Ние сме такво општество, како што не создал господ и тоа општество мораме така си го организираме во сите области како што си е. Прифаќањето на јазикот е дефакто прифаќање на другата, односно на популацијата со друг јазик и друга култура. Одбивањето на јазикот на културата е одбивање нивно воопшто. Јазикот е и прашањето дали ќе го

утврдиме идентитетот граѓански и субјективитетот негов, а и колективниот идентитет на нашите национални групи, или ќе одиме кон асимилација. Алтернатива друга во светот нема. Јас знам и во светот има силни притисоци за асимилација и има некои меѓународни норми кои тоа го фаворизираат уставно речено. Дали е тоа наша перспектива? Јас мислам дека тоа не е наша перспектива. Напротив, наша перспектива е во создавање на политичка волја и на политичка култура во која сите се почитуваат и сите се чувствуваат одговорни за сите нешта кои се од интерес и заеднички и посебно. Тоа е наша перспектива.

Втор аспект сакав да кажам дека ова прашање во има и правниот аспект. Ние објективно имаме два проблема. Сакале тоа да го признаеме или не. Првиот проблем е во тоа како се толкуваат уставните определби. Мислам дека имаме една инерција сега во последно време, повеќе тоа се чувствува за рестриктивно и неуставно толкување на уставните наши опре- делби. Немам друг збор да тврдам дека во Законот за државна управа ние ги одбивме уставните определби. Амандманот со чиста уставна дикција ние го изгласавме против. Овде исто се случува и ќе се случи со членовите на овој закон врзани со член 7 на Уставот на Република Македонија. Не треба многу толкување за тоа дека ние сме се определиле во тој член дека заедниците со таков и таков состав службеноста на јазиците е и на националностите. За тоа нема спор. Што е спорно сега? И годините ми налагаат иако малку сум емоциониран секој пат да инсистираме на тоа резонски да почнеме да размислуваме. Ние мораме полека еден по еден во свеста во совеста, а потоа и во реалниот живот проблемите да ги надвладееме.

V/5

Вториот проблем е правната празнина. Овој закон доцна се донесува. Меѓутоа, во еден аспект. Во друг аспект тоа е прерано. Зошто? Немаме закон за локална самоуправа. А дикцијата на член 7 од Уставот, заправо се однесува на разрешуваше на јазичкото прашаше на таа рамнина. Сега, прејудицирање на работите со овој закон дефакто ќе дојдеме во ситуација кога ќе дојдеме на донесување на тој закон да се повикаме сега на овој закон, а овој веќе го крши Уставот.

На крајот да кажам некои од пратениците спомна ова има и една меѓународна димензија. Ние сме потписници на низа меѓународни конвенции од оваа област и стари и нови и наследени од Бивша Југославија и сега што сме ги потпишале според кои не може да се редуцираат стекнатите права на граѓаните и на националните групи. Да ве потсетам дека во Конвенцијата на 00Н за цивилните и политичките права во неговата точка 7 изрично е подвлечено дека не може да се рестриктира, односно да се одземаат правата веќе стечени во една заедница. А вие знаете дека оваа заедница сеедно сега што се конституира како држава самостојна, таа уште повеќе има обврски, веќе ја има прогласено рамноправноста на народите и народностите како што викавме тогаш, односно народ македонски и националностите сега. А тоа произлегува и од пишаните документи во Карингтоновиот документ во Женевската конференција. И ние тие обврски мораме да ги држиме. Јас се надевам сеедно што уште не сме подготвени дека овој Парламент во натамошниот од ќе стекне кондиција за да ја отвори политичката волја и да создаде политичко расположение за кое ќе можеме за сите проблеми, како што реков, да заклучиме, да се однесуваме како заедничка грижа и потреба на сите, а не дека со ова ги браниме само интересите на

Албанците. Јас тврдам дека е и интерес на македонскиот народ и во име на тој интерес сакам да се залагам и тоа така да биде. И ве молам да не ми замерувате ако ние, бидејќи се работи за демократска процедура, а во демократска процедура и одредени преседани. Ако во демократска процедура ние останеме во салата, го изгласаме законот, ќе бидеме се разбира, надгласани и ќе се изгласа, тоа значи дека законот ние сме го при- фатиле, а ние мораме да кажеме дека не можеме да го прифатиме овој закон, пред се, заради општите интереси, а одделно заради интересите на националноста на која се однесува.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседатзеле, дами и господа пратеници.

Законот кој што е пред нас е од битните закони кој што не најважно, но дава едно отсликување на тоа како ќе се одвиваат работите во иднина, кога се во прашање меѓународните односи и кога се во прашање правата на националностите, и кога се во прашање човечките и колективните права на немакедонските граѓани.

Темелите удрени при донесувањето на Уставот, кога Република Македонија се конституираше како унитарна држава, што ние тогаш го тврдевме, со тек на времето како што одминува, концепцијата се зајакнува и се спроведува таква политика да се оневозможува било какво влијание на колективните групи кои што имаат поинакво мислење од тоа што е зацртано во програмите на водечките политички партии кои што

имаат значително мнозинство во Сојузот. За жал сега се наѕираат контурите на тоа што беше тоа сигурно што беше како слоган на партијата на Сојузот за Македонија. Тоа беше дека сигурно ние знаеме како треба со Албанците да се тера имаме начин како и порано и сега ќе ги држиме каде им е местото. Јас се надевам дека оваа работа во иднина нема да оди така, затоа што ако овој концепт и понатаму остане како ѕвезда водечка на овој Сојуз, тогаш навистина и граѓаните кои што гласале, јас се надевам барем дека е така, ќе бидат разочарани во овој Сојуз, затоа што тие сигурно не гласале за еден Сојуз кој што ќе води една тврдоглава политика без почитување на дијалогот и толеранцијата кој како вредности и самиот претседател на Републиката и премиерот при конституирање на Владата ги посочија како ѕвезди водечки при решавањето на меѓународните односи, при соочувањето на конкретните проблеми од меѓунационалната сфера. Иако ова е само почеток, но се забележува надмено однесување од позиција на посилниот но не водејќи сметка за реалноста која што е присутна во Република Македонија, односно за националната структура на оваа држава. Во овој случај се покажа дека дијалогот и служи на раководството на Република Македонија само за да го задржи имиџот пред светот, додека толеранцијата се бара само од другиот, а никако сам не се поставува во ваква ситуација.

Оваа политика господа, со тек на времето ќе биде се потешко да се одбрани пред очите на светот, бидејќи

примерите на нетолерантност на властите стануваат се почести. Еуфоријата со која што јавноста во Република Македонија и сите ние заедно ги сочекавме оценките за осудата на однесувањето на Грција, за оценките на умереноста, на толерантноста на сите во Република Македонија при решавање на меѓусебните проблеми, еуфоријата која што беше присутно и при оценките дадени од Комисијата на Бадинтер за условите кои што ги исполнува Република Македонија се свртија во последно време на осуда на било какви оценки за состојбите во Република Македонија кога се даваат оценки од лица кој што се занимаваат со состојбите во Република Македонија, таков беше случајот со Вандер Штулц со Овен и Стонтелберг, со Аренс и со низа други делегации кои што престојуваат во Македонија. Сега сите тврдиме дека нема што тие да се мешаат, нема што да ни укажуваат како да ги регулираме односите во нашата држава. Навистина тука треба да се биде доследен и да се води сметка и кога те фали и кога те куди да се има мерка зошто е тоа така. Во овој случај за жал, се формира едно јавно мнение против било какви сугестии од надвор за состојбите кои се присутни во Републиката.

Тоа што повеќемина дискутанти го кажаа дека во последно време секој се најде да го толкува Уставот така како што сам гледа и како што му одговара и во оваа насока членот 7 од Уставот, алинејата 2 и 3 се гледа како можност на употреба само во органите на локалната самоуправа. Јас се прашувам каква ќе биде употребата на овој закон во единиците на локална самоуправа каде што припадниците на малцинствата не се во мнозинство, туку се во значителен број. На што ќе

ги сведе тука сега. Дали тоа ќе значи дека само евентуално меѓу себе одборниците ќе можат да зборуваат во Собранието. Затоа овде е потребно да се каже дека сите овие толкувања се политички толкувања. Во никој случај не можат да бидат правни толкувања за нештата кои се зацртани.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас како лаик во правото ова го кажувам од следната причини:

Во Уставот постои член 8 каде на крајот се вели: "се што не е забрането со овој Устав и со законите на Република Македонија е дозволено". Јас не знам каде во тој Устав пишува дека употребата на јазиците на националностите е забрането на територијата на РМ и дека тоа се сведува само на единците на локалната самоуправа. Тоа што се спомнуваат единците на локалната самоуправа значи императив за употреба на тие единици, а никако некаква забрана која правниците ја толкуваат на начин како ги гледаат работите.

Би сакал да истакнам дека сите овие толкувања, како што истакнав, се од доменот на политичката волја на субјектите кои се упатени да изнаоѓаат и да нудат решенија. Многу лесно би можело да се најде решение кога би се сакало. Тоа би можело да биде на пример вака: во единците на локалната самоуправа каде што се во мнозинство или во значителен број би можело на тие што не сакаат да им се издаде лична карта и на албански јазик да им се даде само на македонски. Но, на тој што ќе го побара, треба да му се даде, затоа што тоа веќе е санкционирано со Уставот.

На крајот да истакнам дека овој Закон по моја оценка би требало да се повлече од проста причина што на овој Закон треба да му претходи Законот за јазиците на националностите и се разбира Законот за локална самоуправа кој би требало да бидеа во процедура во усвојување. Добро би било кога вие господа кога сите вие би собрале малку храброст и би се направил еден исчекор во правец на излегување од позициите што тврдоглаво ги браните. Навистина би требало да се направи минимални отстапки во однос на овие решенија што сте ги понудиле за да ги

оправдате зборовите: дијалог, толеранција, сожителство и такви работи кои што секојдневно ги употребувате

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо,

Мојата дискусија ќе ја почнам со една констатацијата е таа држава чии органи на државната власт го кршат својот устав и законските одредби, а проколнет е тој народ што силум прилика е принуден да живее во таа држава во која самата власт ги злоупотребува своите права и ги крши своите закони. За жал, на добар пат е и Македонија да стане една таква држава, а историјата не учи дека таквите држави немаат државна перспектива. Тие се осудени на пропаст.

Кршењето на процедурата, кршењето на Уставните одредби кршењето на деловничките одредби од овој Парламент се повеќе станува пракса во оваа држава.

Ние пред малку направивме една тешка процедурална грешка кога прифативме Собранието да ги усвојува законите за кое расправало, во кои се внесени мислења на друго законодавство, на еден друг состав на пратеници односно минатиот состав на пратениците Се прашувам, по кое право ова Собрание му скратува на било кој пратеник кој не е до претходниот состав да расправа уште од почетокот за законските решенија кои се нудат и по кое право тие пратеници се ставаат пред свршен чин они да расправата само во последната фаза.

Кршење на Уставот имавме при усвојувањето на Законот за органите на управата. Имаме денес при понудата за усвојување на закон за личната карта и книгите за матична евиденција. Ќе има веројатно, и утре и задутре.

Мене апсолутно не ми е јасно зошто буквалната дикција пренесена од Уставот од збор до збор не е прифатлива за ова Собрание за законите кои ни се нудат. Од збор до збор се пренесуваат содржините кои се во член 7 став 2 и 3. Навистина не ми е јасно зошто, кога се расправа по овие прашања членот 7 од Уставот се смета како целина само ставот 1 од тој член. Дали ние со тоа се согласуваме дека вторите два става се само еден декор со кои Македонија демократски ќе се легитимира пред светот, или тоа е норма која треба да се преточи во конкретни акти.

Доколку ние продолжиме со ваков начин на работа бидете убедени дека ќе ги примораме нашите граѓани да се поведат по она правило, општо прифатено граѓанско, за граѓанска непослушност И после три односно четири години по донесувањето на Уставот на РМ Македонија не е во состојба да ги усогласува своите законски решенија со тој Устав, а ние кога го усвоивме тој Устав ставивме лимит од 6 месеци, во рамките на тие 6 месеци да се донесат сите системски закони кои ќе значат конкретно операционализирање на одредбите на Уставот. И, денес чудно ни е зошто во Тетово се покренува иницијатива за отворање на Универзитет надвор од рамките на она што значи законска регулатива. Нормално, државата досега ги нема извршено своите обврски да донесе закон за универзитетот со кој ќе се усогласи односно ќе се операционализира државната одредба. Денес го правиме истото со Законот за личната карта и утре нешто друго.

Доколку нема чувства за одговорност за овие прашања пред овој состав на пратеници, бидете убедени дека ќе не приморате и нас албанците пратеници внатре во Собранието да применуваме поинаков

курс и тактика на делување затоа што веќе се потрошени сите механизми поинакви за дејствување внатре во Собранието. Ова нека биде само еден знак на предупредување дека доколку за овие работи не се отвори дијалог, туку актите од Владата ни се протураат внатре во Собранието како свршен чин пред кој само треба да се аминува таков начин на работа , бидете убедени дека нема да прифаќаме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Единствениот пратеник кој дискутираше, не беше албанец, ги читаше задните намери по негов терк и по негово толкување, нашите задни намери. Ние денес ве предупредуваме дека денес навистина доаѓаат моменти и ситуации каде ги потрошивме сите наши кредити, а тие кредити се и кредити од една меѓународна заедница односно од многу меѓународни заедници и институции, затоа што барем декларативно еднаш и многупати рековме дека ќе имаме генерална линија да изградиме држава со демократски односи и брз база на рамноправност на граѓаните Меѓутоа, сега имаме еден состав на Собрание каде нема дијалог. Нема сега дијалог. Сега имаме едно сојузно едноумие со зачин социјалистичка партија каде што еве добивме и еден амандман. Се прашуваме што, како рече премиерот, што рекол претседателот. Тоа и го цитираме, Меѓутоа, едно да ни биде јасно, сепак во ова Собрание ние и градиме политика и ќе градиме политика врз основа на факти и аргументи и сугестии кои како пратеници ќе ги дадеме. За тоа добро рекол еден познат претседател на Републиканската партија на САД, кога ќе заборавиш од каде доаѓаш и кого претставуваш во ова Собрание, тогаш повлечи се од политиката и повлечи се од тие работи каде што немаш чувство што со тоа им донесуваш на тие што ги претставуваш.

Понекогаш тие што предлагаат вакви закони велат вака: па еве правиме еден чекор, получекор, се пишува името оригинал на мајчин јазик. Дајте ве молам читајте и вие весници од секоја земја каде што е прокламирана некаква демократија или има нeќеква цивилизација, ќе видите дека името и презимето секаде се пишува во оригинал. Ние можеме тука многу аргументи да ви дадеме затоа господата пратеници кои дискутираа. Меѓутоа, кога доаѓаш во ова Собрание ќе седнеш и чекаш само еден чин, ќе гласам, а ќе гласам како што е предложен Законот затоа што се договорил сојузот со малку исклучоци. Меѓутоа, што правиме ние? Ние забораваме зошто дискутираме Јас гледам некои толку лежерно се однесуваат и ја напуштаат ова седница, седат надвор, како едно време кога разговараме за едни проблеми од земјоделието, а уште не сме свесни за колку битна работа ние дискутираме односно каков закон треба да донесеме односно да изгласаме овде. Зарем ништо не претставува за нас да се донесени до денес 70 конвенции, акти, документи од 19-26 година наваму од кога робот - црнец не постои и ние никако да се освестиме денес дека треба да почитуваме конвенции, или ако не е така, да го почитувам е тој со кого живееме. Зарем не е ова, па нам Македонците не не признаваат не ни ја признаваат ни државата. Па ние тука не ги признаваме албанците затоа што не сакаме . Македонците сега не ги признаваат албанците во Македонија, не ги признаваат другите националности, затоа што не им го признаваат јазикот. Па и тоа е непризнавање. Не им признаваш идентитет, односно никако не сакаш да сфатиш дека дури немаме сенс и чувство да си кажеме во себе со кога ние живееме во оваа Република Македонија, кој е до нас.

V//6.-

За што ние разговараме, Ние правиме и такви пропаганди што навистина и кога ред и во претходниот состав на ова Собрание, еднаш рает доцна навечер и излегнавме на една прошетка околу Собранието, па ги слушнав двајца македонци како разговараат, тие велат вака: "што бе, ние ли ќе дозволиме да ни се пишува и на албански во личната карта..Па јас нема да ја носам таа лична карта ако пишува и на албански". Создадовме и таква клима, создаваме и таква клима. Дури да направиме и една обична анкета ќе видиме дека многумина граѓани со македонска национална припадност мислат дека во нивната лична кара ќе се пишува и на македонски и на албански и на турски и на многу јазици. Со тоа погрешно ги анумираме граѓаните затоа што ние сериозно до крај не се занимаваме со проблем со кој е пред нас.

Кој ќе биде епилогот на сето тоа. Мене навистина нема да ми биде многу тешко кога ќе се изгласа овој Закон како што е предложен затоа што сум сигурен до крај дека губитници ќе бидат тие што ќе го изгласаат овој Закон, а за мене и за тие кои слично бараат и дискутираат, тие ќе имаат нова мотивација, нова енергија да се изборат за нивните права, и тоа ќе биде многу добро затоа што сета ангажираност понатаму уште од сега има низ народна потврда. Понатаму уште повеќе.

Јас понекогаш исто така се прашувам, тие одредби

Внатрешни што тука ги предлага ресорното министерство за внатрешни работи...

VII/1.- НН/ВБ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ: (**продолжение)

... Дали се одредби консултирани од Уставот, не се. дали е направена сондажа и отсликување на структурата на државата и компарација со некоја слична држава во однос на структурата на населението кое живее во Македонија. Веројатно е направено. Меѓутоа, направено е така што ако постојат три категории на права, во овој случај употребата на писмото и јазикот се зима тој минимум, таа категорија, тој минимум што значи и за права на некое малцинство, а ние сме сега во такви односи односно се уште градиме такви односи или се обидуваме дека ние албанците не признаваме дека сме малцинство. А примери се земени од минимум на едно обично малцинство каде што можеби се 10.000 или 5.000 граѓани со друга национална припадност во некоја држава.

Понатаму јас мислам дека нема да учествуваме, веројатно нема да учествуваме на тој чин кој обично значи епилог односно потврдување на некој закон кој би требало да се употреби односно ќе биде во нашата пракса.

Затоа јас апелирам до другите пратеници колеги, иако не мора нека изнесат аргументи дека личната карта, личниот документ ан граѓанинот кој во Република Македонија има своја и своја национална припадност не треба да биде со формулар каде што ќе биде присутен и писмото односно јазикот на другиот кој живее со него а кој има национален идентитет односно припадност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Даневски.

(господинот Рамадани се поврати на говорница и рече: "пардон јас постам, за малку постот да го ..")

VII/2.-

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и гсопода пратеници, добро е да подискутираме отворено бидејќи се работи за една материја која ете се наметна од проста причина, затоа што ги збунува добар дел на пратениците и добар дел на гледачите кои ја гледаат оваа претстава, така да кажам, преносот од телевизијата, затоа што се оперира со Уставот. Имено, што станува збор.

Станува збор за патната односно личната исправа како треба да се напише. Во еден случај се користи Уставот кога сакаме да го толкуваме, во еден случај како нас што ни одговара, во другиот случај како што не ни одговара. Уставот со член 7 стои вака: "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Бидејќи овој документ ќе се користи на територијата на Македонија ..."

(реагирање на некои пратеници на ПДП-НДП од место) Личната карта не е за општина Свети Николе и само за општина Тетово. Овој документ ќе се користи на целата територија на Република Македонија. Значи ова ако е исправно толкување и ако ова е службен документ мислам дека ќе падне на Уставниот суд. И ако се изгласа ова што е дадено како предлог од Владата прашање е дали ќе помине и до Уставниот суд. Мислам дека ќе го обори Уставниот суд. Најдобро беше, не го гледам тука министерот за внатрешни работи бидејќи тој е еден од уставописците да дадеше толкување на Уставот што се мисли со овој член 7, бидејќи стои едно недоразбирање меѓу пратениците. Го толкуваме кој како што сака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ајдарага.

(Господинот Сејфедин Харуни бара реплика)

Никој не ве спомна господине Сејфедин. Никој не ве спомна, нема реплика.

**ГАЗМЕНДА АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитуван претседастеле,

Долго размислувам дали да се јавам на говорница, меѓутоа имајќи во вид дека станува збор за многу важни закони, за кои би уште во начело рекол дека значат прием на Македонија во меѓународните организации тогаш најдов за сходно да се јавам и да кажам неколку збора.

Кажувам дека прием на Македонија во меѓународните организации. Верувајте дека тоа и така ќе биде. Никогаш нема да се дозволи да биде примена Македонија во меѓународни организации се додека се кршат правата на луѓето, односно правата на човекот. Во случајот бидејќи ние сме погромогласни тука правата на Албанците.

Законот кој што денес е на дневен ред, како што впрочем е и со поголем број на закони кои се денес на дневен ред на оваа седница продолжуваат и натаму да ги делат етникумите на по мене, помалку важни и повеќе важни. А тоа е само во сверата на правата, што не е случај и во сферата на обврските. Зошто тоа го велам? Го велам заради тоа што сите јавни давачки, сите граѓани на Македонија подеднакво ги поднесуваат, а во правата тоа не е така. Зошто тоа така да биде? Се поставува големо, големо прашање. Треба ли така да биде? Сигурен сум дека не треба така да биде. Ги спомнав јавните давачки, не спомнав и други обврски. Обврската за служење во Армијата на Македонија е иста

обврска за сите граѓани. А што станува во случајот општо ни е познато. Се предлага дискриминативен закон со кој не се овозможуваат правата на националностите да се остварат.

Некои колеги пратеници спомнаа некои укажувања на премиерот, па и на други лица, функционери на оваа наша заедничка држава. Јас ќе го спомнам искажувањето на претседателот на Републиката при усвојувањето на Декларацијата за осамостојување на Македонија, која како што вие е познато ја изгласавме и ние Албанците во минатиот состав.

При говорот кој што го одржа претседателот на Републиката по тој повод меѓу другото рече: "Албанците поставија камен темелник на денешна Македонија". Вака ли го поставија камен темелникот Албанците? Со вакви дискриминаторски закони сигурно не и не знам кога ќе го гледаме тој камен темелник. Така ли ќе ја градиме Македонија. Македонија е заедничка држава на сите. Не дај боже да дојде нешто да се појави потребата за бранење нас границите кој ќе ги брани. Само Македонците ќе застанат на граница. Сигурно не. Рамноправно ќе ги браниме сите границите на оваа денешна Македонија. Немојте така да се однесуваме. Не е време зс однеусвање на тој начин. Со вакви закони. Мора да бидеме заеднички, да ги имаме сите права, сите заедно. Не може поинаку. Спомнаа некои колеги дека повидокот на едно поинакво однесување е многу јасен. Сигурно нема да свети.

Знам дека со зборовите што ги изреков тука нема да го менувам вашето мислење. Прстите односно рацете ќе го чинат своето, односно ќе биде донесен Законот онака како што е предложен, бидејќи не само

расположението во Парламентот, него слично е расположението, уште полошо би рекол во Владата, бидејќи овој Парламент во овој состав усвојува закони кои што ги предлага оваа Влада. Оваа Влада ни предлага такви закони. Мислам дека и, евентуалната поголема обврска за одредени, да кажам работи кои што не ни личат на нас, сигурно ќе ги сноси оваа Влада. Иако и јас сум гласал за таа Влада, меѓутоа, верувајте сум гласал за Влада која што очекував дека ќе ги почитува правата на сите нас, независно од тоа дали сме Албанци, Македонци, Срби, Турци итн. Неовисно. Не треба тука да има разлика. Не се разликуваме по ништо. Никој нема од другите опашка па да може по тоа да се разликуваме.

Беше прочитан член 7 од Уставот. Веќе ако читаме мислам дека треба да читаме до крај. Така и се чита. Не се остава книгата само една страница да ја прочиташ и после оставија, оти таа те интересирала. Читај ја до крај. Член 7 не зборува само така како што беше иsцитирано. Ако не знае да чита, мислам дека другите знаат.

Ќе завршам само со неколку збора.

Господо пратеници, освестете се. Во голема заблуда сте доколку усвојувате ваков закон.

Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Џафери. Не, има збор г-дин Рамадани Сали.

VII/6.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(Пратеникот зборува на јазик што не го разбирам) ....каде одиш Македонија?

(пратеникот пак продолжува да зборува на јазикот што не го разбирам)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте на македонски. Ве молам зборувајте на македонски.

(пратеникот продолжува да зборува на Албански)

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска и на албански и на македонски јазик. И тоа многу концизно.

(пратеникот продолжува на Албански)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза.

Ја прекинувам седницата. Ве опоменав пред тоа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ве молам, тоа е мое....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реков пауза. На знак на ѕвоното ќе продолжиме.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа е мое законско право. Кој не може да ме слуша може надвор слободно....

(пратениците почнаа да ги напуштаат своите пратенички места, а пратеникот Сали Рамадани остана упорно да зборува)

Во салата останаа само пратениците од албанската пратеничка група, како и новинари и фоторепортери.

Седницата прекина со работа во 13,30 часот/